**Република Македонија**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

*М Е М О Р А Н Д У М*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

**МИНИСТЕР МИЛЕ ЈАНАКИЕСКИ**

**ПОТПИС:** ______________________________

**Скопје, август 2010 год.**

1. **Осврт по материјалот:**

Целта што ќе се постигне со донесувањето на овој закон е надминување на проблемот на финансирањето на јавниот радиодифузен сервис – МРТ преку прибирањето на средствата од радиодифузната такса како јавна давачка.

Со усвојувањето на предложените решенија ќе се обезбеди стабилен систем на наплата на радиодифузната такса што ќе обезбеди квалитетен и независен јавен радиодифузен сервис во Република Македонија.

2. **Разгледани можни решенија:**

Предложените измени се од суштински карактер имајќи предвид дека Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија се обврза да обезбеди стабилен и независен јавен радиодифузен сервис.

Со предложените измени и дополнувања на законот, пресметувањето, утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса, во име и за сметка на МРТ која беше надлежна да ги врши овие работи, се предвидува да ги врши Управата за јавни приходи.

3. **Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

4. **Решение кое се препорачува:**

Со предложените измени и дополнувања на законот се предвидува постапката за утврдување и наплата на средствата од радиодифузната такса да се води согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

5. **Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност не се предизвикуваат финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

6. **Очекувани влијанија:**

Суштинско и содржинско подобрување на законот, во насока на обезбедување на стабилен систем на наплата на радиодифузната такса.

7. **Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

8. **Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
9. **Клучни елементи за информирање на јавноста:**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

# ПРЕДЛОГ
**на**
**закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност**

**Скопје, август 2010 год.**

**I. Оцена на состојбите во областа што треба да се уреди со законот и причини за донесување на законот**

Законот за радиодифузната дејност е донесен 2005 година и ги уредува условите и начинот на вршење на радиодифузната дејност од јавен интерес. Законот во најголем дел е усогласен со Директивите и регулативите на Европската Комисија и Советот на Европа.

Во Извештаите на Европската Комисија се констатира дека во Република Македонија системот на финансирање на јавниот радиодифузен сервис не е стабилен и функционален.

Законот за радиодифузната дејност има претрпено измени и тоа во 2007, 2008 и 2010 година.

Прашањето за изнаоѓање на стабилен и функционален систем за финансирање на МРТ преку утврдување на нов начин на прибирање на средства од радиодифузната такса е причина за предложените измени и дополнувања на Законот за радиодифузната дејност.

**II. Цели, начела и основни решенија**

Целта што ќе се постигне со донесувањето на овој закон е обезбедување на стабилен и функционален систем за финансирање на МРТ, преку отстранување на постојното решение со кое е утврдено МРТ да врши пресметување и наплатување на средствата од радиодифузната такса, на начин што се утврдува нов субјект - Управата за јавни приходи која ќе ги врши овие работи во име и за сметка на МРТ.

**III. Оцена на финансиските последици од Предлогот на Закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства**

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност не се предизвикуваат финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

**IV. Процена на финансиските средства потребни за спроведување на Законот, начин на нивно обезбедување, податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти**

За спроведување на овој закон финансиски средства не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Во Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија ", бр.100/2005, 19/2007, 103/2008 и 06/2010), членот 147 се менува и гласи:

"**Член 147**

Работите во врска со водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузна такса ги врши МРТ.

Работите во врска со пресметувањето, утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса на корисниците од членот 146 на овој закон, во име и за сметка на МРТ, ги врши Управата за јавни приходи.

Во постапката за утврдување и наплата на средствата од радиодифузната такса се применуваат одредбите од Законот за даночна постапка.

Управата за јавни приходи врз основа на податоците од регистарот на обврзници на радиодифузна такса го утврдува месечниот износ на радиодифузната такса, кој обврзникот е должен да го плати најдоцна до 15-ти наредниот месец, во спротивно за секое задоцнување е должен да плати камата утврдена со закон.

Наплатата се врши на сметка на МРТ која уплатените средства ги насочува на корисниците наведени во членот 145 на овој закон, во износи утврдени во членот 149 на овој закон."

**Член 2**

Во членот 149, ставот 2 се менува и гласи:

"Од вкупно уплатените средства од радиодифузната такса Управата за јавни приходи задржува износ во висина од 3% за покривање на трошоците за утврдување и наплата на средствата од радиодифузната такса".

**Член 3**

Во членот 150 зборовите: "Законот за извршување" се заменуваат со зборовите: "Законот за даночна постапка".

**Член 4**

Со денот на примена на овој закон започнатите, а незавршени постапки пред МРТ, ќе продолжат да се водат пред Управата за јавни приходи.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ- ЗАКОНОТ

### I. Објаснување на содржината на одредбите на предлог законот

Со предложените решенија се обезбедува стабилен и функционален систем за финансирање на МРТ преку прибирање на средства од радиодифузната такса од страна на Управата за јавни приходи која пресметувањето, утврдувањето и наплатата на средствата од радиодифузната такса ќе ги врши во име и за сметка на МРТ.

### II.Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

### III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со усвојувањето на предложените решенија ќе се обезбеди суштинско и содржинско подобрување на законот, во насока на обезбедување на стабилен и функционален систем за финансирање на јавниот радиодифузен сервис.

**ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ ШТО СЕ МЕНУВААТ**

XI ФИНАНСИРАЊЕ

Член 147

Работите во врска со пресметувањето, наплатувањето и насочувањето на средствата од радиодифузната такса на корисниците од членот 146 на овој закон, како и водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузна такса, ги врши МРТ.

МРТ врз основа на регистарот на обврзници на радиодифузна такса донесува решение кое има карактер на извршна исправа согласно со Законот за извршување, за утврдување на годишниот износ на радиодифузната такса со кое обврзникот се задолжува да ја плати во 12 месечни износи. Обврзникот е должен радиодифузната такса да ја плаќа месечно најдоцна до 15 во месецот, во спротивно за секое задоцнување се плаќа камата утврдена со закон. Наплатата се врши на сметка на МРТ која уплатените средства ги насочува на корисниците наведени во членот 145 на овој закон, во износи утврдени во членот 149 на овој закон.

Член 149

Средства од наплатената радиодифузна такса се распоредуваат на следниов начин:

- 72% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите;
- 4,5% за МРТ за техничко-технолошки развој;
- 16% за МРД за одржување и употреба на јавната радиодифузна мрежа;
- 3,5 % за МРД за развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 4 % за Советот за радиодифузија за регулирање и развој на радиодифузната дејност во Република Македонија.

Од вкупно уплатените средства од радиодифузната такса МРТ задржува износ во висина од 0,5% на име провизија.

Член 150

Во поглед на присилната наплата, се применуваат одредбите од Законот за извршување.